Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 08-21/360
24-09-2020 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1913/2
30.09.2020 год.
КОЧАНИ

# Договор

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во натамошниот текст: **Купувач) и**

2. **ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О. Скопје**, со седиште на ул."Перо Наков" бр.128 Скопје, ЕДБ:4030998338949, ЕМБС:5204160, застапувано од одговорното лице Зоран Ѓорѓиев ( во натамошниот текст: **Продавач**).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е купување и испорака на стока, односно:

**Набавка на дрва за огрев за ТППЕ Кочани**

Овој договор се доделува врз донесена одлука за избор од 16.09.2020 год., по спроведената Набавка од мала вредност, постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-аукција, како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, со објавување на Оглас бр.12763/2019, објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 07.09.2020 год.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на Договорот, согласно првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН изнесува 52.433,00 ден. без ДДВ, односно 61.871,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.

**Извор на средства**

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кочани за 2020 год., Програма Wo, подпрограма Woo.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши по доставување на фактура во архивата на Купувачот, во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата. Фактурирањето ќе се врши според цена без ДДВ за метар кубен огревно дрво утврдена од избраниот економски оператор (понудувач),дадена во листата подолу.

Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката - испратницата.

При фактурирањето ДДВ-то ќе биде посебно изразено.

**ЛИСТА НА ЦЕНИ за**

**Набавка на дрва за огрев за ТППЕ Кочани**

| Ред.бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Огревно дрво бука I класа | **$m^3$** | **16,80** | **3.121,00** | **52.433,00** |

Корекција на цените не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на важноста на договорот.

**Начин на испорака**

**Член 5**

Продавачот е должен предметот на договорот да го изврши согласно техничката спецификација, односно одеднаш за вкупната количина по претходна нарачка на Купувачот, за времетраење на договорот за јавната набавка.

Местото на испораката е ТППЕ-Кочани.

Испораката треба да се врши со моторно товарно возило регистрирано за ваков вид на превоз (камион).

**Рок на испорака**

**Член 6**

Продавачот е должен огревното дрво да го испорача во рок од 30 (триесет) дена од денот на извршената нарачка од страна на Купувачот-целата нарачана количина наеднаш.

Нарачката ќе биде во писмена форма доставена по пошта, на рака или по е маил адреса на Продавачот потпишана од страна на одговорното лице кај Купувачот .

Испораката на огревно дрво се смета за извршена во моментот на приемот на огревното дрво со потпишување на документот кој ја следи стоката - испратница издадена од овластено лице од Продавачот и лицето овластено за прием на стоката од Купувачот со внесување на личните податоци.

**Квалитативен прием**

**Член 7**

Купувачот може да ги рекламира количините на испорачаното огревно дрво, утврдени според мерењата во испратницата и тоа во рок од 3/три/ дена од пристигнувањето на огревното дрво од истовареното превозно средство.

Предмет на рекламација може да бидат разлики поголеми од 2 % од декларираната количина.

Купувачот е должен да изготви записник за утврдените разлики.

Записникот мора да биде потпишан од Купувачот и од претставникот на превозникот со полно име и презиме и број на лична карта.

Продавачот ќе ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рок од 8 /осум/ дена ќе го извести Купувачот.

**Договорна казна**

**Член 8**

Во случај кога Продавачот нема да ја испорача стоката според утврдениот квалитет или квантитет, па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Купувачот договорна казна во висина од 1 % (проценти) од вкупната вредност утврдена во чл. 2 од овој Договор, за секој ден задоцнување.

Договорната казна не може да надмине 20% (проценти) од вкупната вредност утврдена во чл. 2 од овој Договор.

Во случај на неисполнување на обврската, Купувачот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

**Ослободување од одговорност**

**Член 9**

Договорните страни се ослободени од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизивикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на Договорот.

Како случаи, настани и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна и воени дејствија, штрајк, мобилизиација, пожар, поплава, земјотрес, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кои во значителна мера ќе го оневозможат континуираното снабдување на стоката и во други случаи што непосредно ќе влијаат врз извршувањето на обврските.

**Раскинување на Договорот**

**Член 10**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 11**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 3/три/ дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 12**

Купувачот може да го раскине договорот и без да му остави на Продавачот, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 13**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 14**

Договорната страна која поради неисполнување на обврските го раскинува

договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Времетраење на важноста на договорот**

**Член 15**

Времетраењето на важноста на овој Договор за јавна набавка е еден месец, сметано од денот на стапување на сила на истиот или до потрошување на вредноста на договорот.

**Општи и завршни одредби**

**Член 16**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 17**

За сè што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО и другите позитивни законски прописи што важат во РСМ и ја регулираат материјата, предмет на овој договор.

**Член 18**

За евентуален спор по овој договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 19**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примероци за Купувачот и 2 (два) примероци за Продавачот.

| | |
|---|---|
| ***за Продавачот,*** | ***за Купувачот,*** |
| ***ЈП"Национални Шуми" п.о.Скопје*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Одговорно лице,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Зоран Ѓорѓиев )*** | ***( Николчо Илијев)*** |

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Командир на ТППЕ Кочани – Благојчо Паунов*